**20161683824**

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ

Врз основа на член 27 став (1) алинеја 6 од Законот за возила („Службен весник на Република Македонија“ број 140/08, 53/11, 123/12, 70/13, 164/13, 138/14, 154/15, 192/15 и 39/16), министерот за внатрешни работи донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ОБРАЗЕЦОТ НА БАРАЊЕТО ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ПРОБНИТЕ ТАБЛИЦИ, ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА РЕГИСТАРСКИТЕ ТАБЛИЦИ И НА ПРОБНИТЕ ТАБЛИЦИ НА ВОЗИЛАТА И НАЧИНОТ И ПОСТАПКАТА НА НИВНО ИЗДАВАЊЕ

Член 1

Во Правилникот за формата и содржината на образецот на барањето за издавање на пробните таблици, формата и содржината на регистарските таблици и на пробните таблици на возилата и начинот и постапката на нивно издавање („Службен весник на Република Македонија“ бр. 137/16), во член 12 во ставот (4) зборовите „буквена серија која е составена од буквата А со буквите од B до Z и последователно со наредните буквени серии од буквата B до буквата Z“ се заменуваат со зборовите „било кои две букви од буквата А до буквата Z“.

Член 2

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 13.1.1-52739/1
29 август 2016 година
Скопје

Министер
за внатрешни работи,
м-р **Митко Чавков,** с.р.